# Од денес активна блокада на Собранието

Вторник, 10 Мај 2022 08:37



Од денес ВМРО-ДПМНЕ почнува со активна блокада на собранието, потребен е дијалог за предвремени парламентарни избори, Ковачевски охрабри се.

Ковачевски имаше доволно време да излезе од сенката на Заев и да го стави интересот на народот во прв план, но не се осмели.

Државата се повеќе тоне. Вчера ДЗС излезе со официјален податок и констатираше двоцифрена инфлација. За една година цените на основните производи се зголемени од 10% до 50%. Народот плаќа 30% поскапа струја и 15% поскапо парно. И секој ден има се повеќе проблеми, Ковачевски не е нов во политиката, тој беше и заменик министер за финансии. Тој е дел од проблемите, и не може да биде решение за истите.

Ковачевски треба да сфати дека Заев нема да му ги реши проблемите, тој е премиер и за сите неуспеси е директно одговорен самиот тој. Но неговите неуспеси ги плаќа и народот кој е се посиромашен. Затоа нема повеќе простор за нови обиди, државата е

донесена до ситуација на повеќе кризи.

**Избори час поскоро.**

**Токму затоа потребни се предвремени парламентарни избори, а активната блокада е одговор на игнорирањето на власта.**